РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1881/3

30-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ----- ---- --------------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 45-та седница одржана на ден 29.12. 2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-3458 од 2019 година е оформен по известување/пријава бр. 12-3458/1 од 08.07.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот --------- --------------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-3458 од 2019 година, во случајот не се потврдени предметните наводи.

Предметот со број 12 - 3458 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3458 од 2019 година е оформен по известување/пријава бр. 12-3458/1 од 08.07.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата на електронска пошта од подносител – --------- --------------.

Во пријавата се изнесени наводи за корупција и бесправна градба во Општина ---------- на катастарски парцели во КО ------------, узурпација на државно земјоделско земјиште од страна на инвеститор кој на предметната локација изведувал градежни активности со повикување на ништовно одобрение за градење издадено во 1994 година, како и наводи за сомневање за искористување на службена положба во органи кои биле надлежни за постапување во врска со овој случај. Се бара ДКСК да постапи согласно своите надлежности, да ги провери предметните наводи и да преземе соодветни мерки.

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до надлежен орган за достава на податоци и информации во врска предметните наводи. По барањето на ДКСК доставено е известување и по разгледувањето на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

- Во конкретниот случај, станува збор за градежни активности изведувани на катастарски парцели во КО ------------- од страна на инвеститорот ДПТТУ ------- ----------- експорт импорт ДООЕЛ,со повикување на ништовно одобрение за градење. Одобрението за градење било издадено во 1994 година под број --- – Уп.---- од 05.09.1994 а во врска --Уп.----/----- од 17.06.2015 и -- Уп.----/---- од 06.07.2015 издадени од надлежен орган,

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во врска со наведеното одобрение за градење, а согласно важечките законски одредби и акти заклучно со 2015 година, инвеститорот, на кого му било издадено одобрение за градење, требало да се започне со градење во рок не подолг од 5 месеци, а истото престанувало да важи доколку инвеститорот не почнал со изградба во рок од 2 години од денот кога одобрението за градење ќе станело правосилно, а доколку градбата започнала да се гради по истекот на рокот ќе се сметало дека градењето е бесправно. Од страна на наведениот инвеститор не бил испочитуван рокот за отпочнување со градење согласно издаденото одобрение, кое во меѓувреме станало ништовно односно престанало да важи, па тој го узурпирал државното земјоделско земјиште и започнал со градење надвор од предвидените рокови и без правосилно одобрение за градење, што значело дека градбата имала статус на бесправно изграден објект.

За предметниот случај, на 28.05.2019 година, биле известени соодветни надлежни органи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на РСМ и ЈП за државни патишта на РСМ но, според наводите на подносителот на пријавата, од нивна страна не било ништо преземено во врска со бесправната градба.

- На ден 21.05.2020 година, по барање на ДКСК, од страна на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на РСМ доставен е одговор за предметниот случај со списи во прилог и тоа: Записник од извршениот инспекциски надзор од 31.03.2017 година,Записник од извршениот инспекциски надзор од 11.09.2018 година, Записник од извршениот инспекциски надзор од 11.07.2019 година, Записник од извршениот вонреден инспекциски надзор од 19.08.2019 година од страна на Државен управен инспекторат, Известување до новиот инвеститор за валидноста на одобрението за градење од 16.05.2015 година, Одобрение за градба од 20.09.1994 година, Решение од Министерство за транспорт и врски за признавање на статус на инвеститор на Друштвото ------- -------- - како нов инвеститор за градење на Бензинска станица на местото за кое е издадено одобрението од 1994 година, Заклучок од Министерство за транспорт и врски за исправка на техничка грешка во издаденото Решение за признавање на статус на инвеститорот.

- Од анализата на сите информации и податоци, ДКСК го констатира следното: Градбата е отпочната во утврдениот рок во Одобрението за градба (6 месеци) и во по тогашниот важечки закон не бил утврден крајниот рок за изградба ана објектот; Промената на инвеститор е извршена согласно важечките законски прописи и во редовна спроведена постапка.

Со оглед на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметниот случај не се потврдени предметните наводи, односно дека во предметната постапка било постапено согласно важечките законски прописи, по што се оцени дека ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира и предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 29 декември 2020 година под бр. 12- 1881/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до :Архива и Подносителот
По закличок на ДКСК;
Изработил: Ј.Ц, Советник
Одобрил : Н.Б, Член на ДКСК